Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

- Сектор за правни работи -

Архивски број: 04-6116/1
Датум: 01-10-2020

Врз основа на член 49 став 1 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на РСМ“ број 96/19 и 110/19) и член 23 став 4 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ“ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16 и 120/18 и „Службен весник на РСМ“ број 110/19), министерот за финансии донесе

## О Д Л У К А
### за неизбор на работник по пат на јавен оглас

1. По јавниот оглас број 1/2020 за вработување во Министерството за финансии, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ и на веб страната на Министерството за финансии, за работното место Самостоен референт за канцелариско, архивско и благајничко работење, Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Куманово, Сектор за управна постапка, Управа за имотно правни работи – 1 извршител, НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

На ден 14.09.2020 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ и на веб страната на Министерството за финансии, беше објавен оглас за вработување во Министерството за финансии, во кој како едно од работните места беше објавено и работното место Самостоен референт за канцелариско, архивско и благајничко работење, Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Куманово, Сектор за управна постапка, Управа за имотно правни работи – 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција, формирана со Решение бр. 19-5501/1 од 15.09.2020 година, по спроведената постапка за административна селекција за горенаведеното работно место, утврди дека нема кандидати кои аплицирале за истото, кој факт е констатиран на Записникот од административна селекција број 19-5501/2 од 22.09.2020 година.

Поради наведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот;
- персоналното досие;
- Архивата на Министерството.

Министер за финансии
Dr. Fatmir Besimi

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e Financave - Shkup
IV

Изработил: Александра Лулкоска
Проверил: Верица Стоилова
Согласен: Татјана Васева
Проверил: м-р Татјана Трајковска
Тања Танеска Лазаревска
Ана Арсовска


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 - 760
www.finance.gov.mk